РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2230/5

04-06-2020 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 30-та седница одржана на ден 15 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2230 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2230/1 од 02.04.2019 година, доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2230 од 2019 година.

Предметот со број 12-2230 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2230 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2230/1 од 02.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се содржани наводи против претседателот на Советот на јавни обвинители, -------------------- кои се однесуваат на: 1) злоупотреба на службена положба и овластување при користење на службено возило за приватни цели и предизвикување на сообраќајна незгода за која глобата била платена од средствата на Советот; 2) сомневања за постоење на непотизам во два случаи и тоа во постапката за избор на неговата внука за јавен обвинител во ОЈО ГОКК и при постапката за вработување /ангажирање на неговата ќерка во СЈО; 3) сомневање дека наведеното лице не дало целосни податоци за неговиот имот во анкетниот лист доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК постапи по основ на сите три наводи и тоа:

1) до Министерството за внатрешни работи на РСМ доставено е барање за прибирање на информации и документација во конкретниот предмет по основ на наводите за злоупотреба на службена положба и овластување при користење на службено возило за приватни цели и предизвикување на сообраќајна незгода за која глобата била платена од средствата на Советот;

2) по основ на наводите за сомневања за постоење на непотизам во постапката за избор на неговата внука за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал

и корупција и постапката за вработување/ангажирање на неговата ќерка во Специјалното обвинителство, по заклучок на ДКСК отворен е предмет во Одделението за спречување на судир на интереси при ДКСК за проверка на предметните наводи;

- по основ на наводите за сомневање за тоа дека наведеното лице не дало целосни податоци за неговиот имот во анкетниот лист доставен до ДКСК, по заклучок на ДКСК отворен е предмет во Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба при ДКСК, за проверка на податоците за имотната состојба на лицето наведено во конкретниот предмет.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК го констатира следното:

- Во врска со предметните наводи за злоупотреба на службена положба и овластување при користење на службено возило, на ден 13.08.2019 година кај ДКСК примен е одговор од МВР- СВР Скопје – Одделение за увиди на сообраќајни незгоди, со кој се доставуваат бараните податоци и информации и се известува ДКСК дека по извршената евиденција за сообраќајни незгоди на подрачјето на Град Скопје за наведениот датум, лицето ----------- ---------*не евидентирал* во нивната евиденција за случени сообраќајни незгоди.

- Во врска со наводите за сомневања за постоење на непотизам во постапката за избор на неговата внука за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во Одделението за спречување на судир на интереси при ДКСК веќе била започната постапка по предмет оформен по основ на истите предметни наводи по предмет број 09-2586 од 2019 година и во врска со предмет бр. 09-417 од 2018 година. По оформениот предмет, од страна на ДКСК биле преземени дејствија и тоа: издаден е прекршочен платен налог по основ на констатирано дека бил сторен прекршок по член 75 став 1, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ), а до Советот на јавни обвинители на РСМ поднесена е Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ----------- ---------, по која е доставен повратен одговор до ДКСК дека Советот не утврдил повреда на одредбите од ЗСКСИ од именуваното лице. Од страна на ДКСК на 26-та седница одржана на ден 07.02.2020 година по овој предмет донесена е Одлука, со број 09-20/2 од 11.02.2020 год, дека *се запира постапувањето* на ДКСК по оформениот предмет, бидејќи нема законски основ за преземање на мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

- Во врска со наводите за сомневања за постоење на непотизам во постапката за вработување/ангажирање на неговата ќерка во Специјалното обвинителство, во Одделението за спречување на судир на интереси при ДКСК се постапува по предмет во врска со истите предметни наводи со архивски број 09-4421/1 од 21.09.2019 кој е оформен по Барање информација за врска со непотизам во Специјалното Јавно Обвинителство, по кој заради утврдување на фактичката состојба се доставени барања за доставување на податоци и информации и по кој постапувањето на ДКСК е се уште во тек.

- Во врска со наводите за сомневање дека наведеното лице не дало целосни податоци за неговиот имот во анкетниот лист доставен до ДКСК, во Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба при ДКСК отворен е предмет со број 08-3688/1 од 26.07.2019 година и заради проверка на податоците за имотната состојба на лицето наведено во конкретниот предмет доставени се барања за

прибирања на потребните податоци и информации. Постапувањето на ДКСК по овој оформен предмет, со состојба 19.02.2020 година, е се уште во тек.

Врз основа на вака констатираната фактичка состојба, ДКСК утврди дека наводите во пријавата за злоупотреба на службена положба и овластување при користење на службено возило за приватни цели и предизвикување на сообраќајна незгода за која глобата била платена од средствата на Советот, не се потврдени, како и дека по другите предметни наводи е постапено од страна на ДКСК и постапката е се уште во тек во Одделението за спречување на судир на интереси и Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба при ДКСК, по што оцени, дека Државната комисија нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и постапката по истиот се запира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 мај 2020 година под бр. 12- 2230/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК
Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК